Република Северна Македонија
Државна комисија за одлучување во втор степен во областа
на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, врз основа на член 1 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија" број 130/2014, 53/2016 и 11/2018), член 84 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" број 102/2019) и член 137 став (4) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" број 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018 и 168/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 244/2019, 18/2020 и 279/2020) постапувајќи по жалбата на ДТТУ „РАДИКА РЕЗОРТ" ДООЕЛ увоз-извоз с.Леуново, Маврово и Ростуше изјавена преку законскиот застапник-управител Шериф Рамука од Косово против решението на Овластениот градежен инспектор при Општина Маврово и Ростуше ИП1 бр.11-02/21 од 15.09.2021 година, на седницата одржана на ден 11.11.2021 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Жалбата на ДТТУ „РАДИКА РЕЗОРТ" ДООЕЛ увоз-извоз с.Леуново, Маврово и Ростуше изјавена преку законскиот застапник-управител Шериф Рамука од Косово против решението на Овластениот градежен инспектор при Општина Маврово и Ростуше ИП1 бр.11-02/21 од 15.09.2021 година, **СЕ УВАЖУВА**.

Решението на Овластениот градежен инспектор при Општина Маврово и Ростуше ИП1 бр.11-02/21 од 15.09.2021 година, **СЕ ПОНИШТУВА и предметот се враќа на повторна постапка пред првостепениот орган**.

***О б р а з л о ж е н и е***

Со обжаленото решение се наредува на инвеститорот ДТТУ „РАДИКА РЕЗОРТ" ДООЕЛ увоз-извоз с.Леуново во рок од 15 дена од приемот на решението да ги отстрани градбите и тоа: 9 (девет) типски објекти кои во основа се ~9,00х9,00м изградени во армирано бетонски скелетен систем со исполна од сипорекс блок. Објектите се во различна фаза на градба и тоа повеќето во фаза изградено приземје на армирано бетонска плоча подигната на цокле, а мал дел од истите и отпочната градба на поткровје-бетонирани столбови и делумна исполна на ѕидни површини со сипорекс блокови, кои објекти се отпочнати со градба врз земјиште во сопственост на ДТТУ „РАДИКА РЕЗОРТ" увоз-извоз с.Леуново т.е на КП бр.934/1, КО Леуново запишана на ИЛ бр.395-според податоци од АКН, но без прибавено Одобрение за градење на објектите од Општина Маврово и Ростуше. Ако градбата не се отстрани во определениот рок, ќе се пристапи кон присилно администативно извршување на решението и трошоците за извршување на решението се надоместуваат од извршеникот.

Незадоволен од првостепеното решение жалителот изјави жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и

прекршочната постапка (понатаму:Државна комисија), во која наведе дека со првостепеното решение е сторена суштествена повреда на одредбите на постапката од причина што истото е нејасно, контрадикторно и противречно односно од решението не е јасно од кој доказ што е утврдено, доказите воопшто не се изведени, ниту образложени туку се наведени само два зписници, но не е наведено што од истите се утврдува, дека на ниту еден записник нема потпис од одговорното лице во правното лице и двата записници не му се доставени поради што нема увид во содржината на истите, дека не е точно дека се отпочнати да се градат 9 типски објекти со основа 9,00х9,00м односно од страна на овластен инспектор во ниту еден записник не е утврдено на лице место изведување на градба и она што е точно е дека согласно електронски поднесеното барање за одобрение за градба за изведба на 22 викенд куќи, а кое е поднесено на ден 13.10.2020 година до Општина Маврово и Ростуше, по разгледување на урбанистичко планска документација од страна на Општина Маврово и Ростуше издадена е пресметка на трошоци за уредување на градежно земјиште УП1.бр.10-249/20 од 15.03.2021 година на износ 3.446.800,00 денари и согласно издадената пресметка на ден 02.07.2021 година и 05.07.2021 година на сметка на Општината Маврово и Ростуше уплатени се комуналии-надоместок за уредување на градежно земјиште и со тоа што од Општина Маврово и Ростуше не е издадено формално одобрение за градба за новите 22 викендици за кои веќе е платен надоместок за уредување на градежно земјиште иако е поминат подолг временски период и пробиени се роковите за тоа му се причинува огромна и ненадоместлива штета. Понатаму наведе дека не се прецизно и јасно опишани објектите туку истите се опишани во множина и без прецизна идентификација на секој градеж посебно не може да се пристапи кон носење на решение кое е подобно за извршување бидејќи на наведената парцела има веќе изградено 17 викендици кои се со одобрение за градење и за новите 22 во тек е постапка за добивање на одобрение за градење, па така за да не се дојде до забуна инспекторот требал да ги идентификува сите посебни 9 објекти за кој смета дека донел решение, дека не постои законска одредба која дава право на инспекторот да донесува едно решение за повеќе објекти во множина, дека доколку инспекторот донел посебни решениеја за секој од објектите со сигурност ќе се утврдело дека нема 9 типски објекти без одобрение за градба, дека објектите кои се изградени поседуваат одобрение за градење, а за оние за кои е поднесено барање за одобрение за градење во тек е изведување на припремни и подготвителни градежни активности за претстојното градење, дека доколку би дошло до извршување на обжаленото решение би настапила штета бидејќи би можело да дојде до рушење на објекти за кои веќе е издадено одобрение за градење и поради наведените причини бара и одлагање на извршување на обжаленото решение кое е неподобно за извршување. Кон жалбата приложи: Пресметка на трошоци за уредување на градежно земјиште Бр. 0504/2130 од 08.07.2021 година, Налог за плаќање од 02.07.2021 година, Налог за плаќање од 05.07.2021 година, Одобрение за градење Бр.УП1 бр.10-151/17 од 13.10.2017 година и Одобрение за градење Бр.УП1 бр.10-233/18 од 31.10.2018 година.

Поради наведеното предлага обжаленото решение да се поништи.

Пред да пристапи кон разгледување на жалбените наводи, а во фаза на претходно испитување на изјавената жалба, Државната комисија утврди дека жалбата е изјавена во законски определениот рок, дека истата е допуштена и изјавена од овластено лице.

Разгледувајќи ја жалбата, обжаленото решение и списите приложени кон предметот, овој орган утврди дека обжаленото решение е неправилно поради следното:

Овластениот градежен инспектор при Општина Маврово и Ростуше (понатаму: првостепен орган) на ден 03.03.2021 година, извршил инспекциски надзор, а во врска со градежен објект-Отпочната градба на повеќе бунгалови кои се наоѓаат на КП бр.934/1, КО Леуново, с.Леуново и за утврдената фактичка состојба изготвил Записник од извршен инспекциски надзор ИП1 Бр.11-02/2-21 од 03.03.2021 година. Записникот не е потпишан од страна на субјектот на надзор, меѓутоа истиот бил доставен на субјектот на надзор, видно од приложената повратница R RB155630057 MK.

Од увидот во наведениот записник се утврди дека овластениот градежен инспектор при Општина Маврово и Ростуше при инспекцискиот надзор ја утврдил следната фактичка состојба: Од увид на лице место утврдено е дека под 17-те изградени објекти-депанданси на хотел Радика (изградени со Одобрение за градење) отпочната е изградба на уште 9 нови објекти во функција на депанданси на хотел Радика. Објектите се градат на КП бр.934/1, КО Леуново, која парцела е евидентирана на ИЛ бр.395, КО Леуново, во сопственост на ДТТУ „РАДИКА РЕЗОРТ" увоз-извоз с.Леуново. Отпочнатите 9 објекти се во различна фаза на градба секој посебно. Сите објекти воглавно се со избетонирано армирано-бетонско цокле врз кое е избетонирана армирано-бетонска плоча на приземје и поставени избетонирани носиви елементи-армирано бетонски столбови врз плочата на приземје (со исклучок на објектот бр.9 каде не се избетонирани столбовите). Поголемиот дел од објектите се делумно и изѕидани помеѓу армирано-бетонските столбови со сипорекс блокови. Некој од нив (објект 1,2,3,4,5,6) имаат и избетонирани армирано бетонски плочи над влезна партија кон кат и во задниот дел од објектите кон терен исто така имаат избетонирани во еден свој дел армирано-бетонски плочи над приземје. Објектите се со исти габарит како и претходно изградените депанданси т.е со димензии ~9,0х9,0м. Од разговор со управникот на комплексот Предраг му било кажано дека истите се во постапка пред добивање на Одобрение за градење пред Општина Маврово и Ростуше. Понатаму во записникот се наредува на инвеститорот веднаш да прекине со понатамошни активности околу изградбата на објектите во комплексот на Радика Резорт и за сите идни градежни активности претходно да обезбеди градежно техничка документација, а за бесправно веќе изградените делови од објекти ќе се донесе соодветно Решение за отстранување на истите. Кон записникот се приложени фотографии за предметните градби.

На ден 15.09.2021 година Овластениот градежен инспектор при Општина Маврово и Ростуше извршил контролен инспекциски надзор во врска со градежен објект-во фаза на градба 9 објекти на КП бр.934/1, КО Леуново и за утврдената фактичка состојба изготвил Контролен записник од извршен инспекциски надзор ИП1 Бр.11-02/2-21 од 15.09.2021 година, кој не е потпишан од страна на субјектот на надзор и во кој е утврдена следната фактичка состојба: Од увид на лице место утврдено е дека инвеститорот Хотел РАДИКА РЕЗОРТ ДООЕЛ с.Леуново по предупредувањето дадено со Записник ИП1 бр.11-02/21 од 03.03.2021 година продолжил со изградбата на отпочнатите 9 објекти со градба и истите во одреден степен се доградени во зависност од објектот, но видливо е дека истото е отпочнато од неодамна-согласно напредокот во изградбата т.е инвеститорот во одреден период ја почитувал препораката за прекинување на градбата додека не обезбеди

Одобрение за градење, но сега е видливо дека продолжил. Во моментот на увидот не се затекнати градежни работници, ниту било какви активности на градење. Од разговорот со претставници од хотелот Радика т.е со овластеното лице Мурат Јусуфи му било кажано дека инвеститорот т.е сопственикот на хотел Радика продолжил со градежни активности бидејќи сметал дека поради тоа што има платено комуналии за 22 објекти во вредност од 56.188 евра (или 3.466.800 денари) може да гради и дека одобрението ќе го обезбеди во најкус можен рок. Во прилог на наведеното тврдење приложил Пресметка на трошоци за уредување на градежно земјиште УП1 бр.10-249/20 од 15.03.2021 година и доказ за извршена уплата од 02.07.2021 година и 05.07.2021 година на сметка на Општина Маврово и Ростуше. Понатаму во записникот е наведено дека со оглед на тоа дека согласно Законот за градење инвеститорот може да отпочне со градење само после издавање на одобрение за градење, а во конкретниот случај инвеститорот не го испочитувал Законот за градење за отпочнатите објекти ќе донесе соодветно Решение за отстранување на истите. Кон записникот приложил фотографии од предметните градби.

Врз основа на Записникот од извршен инспекциски надзор ИП1 Бр.11-02/2-21 од 03.03.2021 година и Контролниот записник од извршен инспекциски надзор ИП1 Бр.11-02/2-21 од 15.09.2021 година, а видно од образложението на обжаленото решение овластениот градежен инспектор при Општина Маврово и Ростуше, го донел сега обжаленото решение ИП1 бр.11-02/21 од 15.09.2021 година.

Согласно член 2 став (1) точка 2 од Законот за градење, градба е се што настанало со изградба и е поврзано со земјиштето, а претставува физичка, техничко-технолошка и градежна целина заедно со изградените инсталации, односно опремата.

Согласно член 2-а од Законот за градење, во постапката при вршењето на инспекцискиот надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекцискиот надзор, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

Согласно член 137 став (1) и (2) од Законот за градење, (1) При вршење на инспекцискиот надзор инспекторите од членот 128 став (1) од овој закон изрекуваат инспекциски мерки за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци согласно со Законот за инспекциски надзор. (2) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот утврди недостатоци, а во случај кога ќе оцени дека тоа е оправдано, може со решение да изрече опомена и определува рок во кој субјектот на инспекциски надзор е должен да ги отстрани неправилностите и недостатоците, утврдени со записник.

Согласно член 9 од Законот за инспекциски надзор, Инспекторот, по службена должност, ја утврдува фактичката состојба и изведува докази во постапката на инспекциски надзор.

Согласно член 10 од Законот за инспекциски надзор, пред преземањето на инспекциските мерки за отстранување на неправилностите и недостатоците, утврдени кај субјектите на инспекцискиот надзор, инспекторот е должен да им даде можност на субјектите на инспекцискиот надзор да се изјаснат за фактите и околностите кои се утврдуваат при инспекцискиот надзор.

Согласно член 68 од Законот за инспекциски надзор, Инспекцискиот надзор може да биде редовен, вонреден и контролен.

Согласно член 69 став (1) и (2) од Законот за инспекциски надзор, (1)Редовниот инспекциски надзор е инспекциски надзор врз спроведувањето на соодветните закони и

прописи донесени врз основа на тие закони и се врши според однапред предвиден распоред во годишен план од членот 33 на овој закон и месечниот план од член 34 на овој закон. (2) Редовниот инспекциски надзор се најавува со доставување на писмено известување до субјектот на инспекцискиот надзор за времето и обемот на инспекцискиот надзор.

Согласно член 71 став (1) и (2) од Законот за инспекциски надзор, Вонредниот инспекциски надзор се врши по службена должност или врз основа на иницијатива поднесена од физички или правни лица, органи на државната и локалната власт, како и по налог на Советот или писмена наредба на министерот, директорот или раководното лице на органот, односно градоначалникот во чиј состав се наоѓа инспекциската служба. (2) Вонредниот инспекциски надзор по правило е ненајавен инспекциски надзор и истиот се спроведува веднаш, а најдоцна во рок од десет работни дена од приемот на иницијативата или налогот или писмената наредба, од ставот (1) на овој член, во писарницата на инспекциската служба или на службената електронска адреса на инспекциската служба, доколку таква постои.

Согласно член 76 став (1) и (2) од Законот за инспекциски надзор, Контролниот инспекциски надзор е инспекциски надзор кој се врши по службена должност со цел инспекторот да утврди дали субјектот на инспекцискиот надзор, по истекот на рокот определен во инспекцискиот акт, при претходно извршен редовен или вонреден инспекциски надзор: 1)постапил по инспекцискиот акт во целост; 2)делумно постапил по инспекцискиот акт; 3)не постапил по инспекцискиот акт. (2) Непостапувањето односно делумното постапување по инспекцискиот акт, претставува основа за примена на инспекциска мерка во согласно со закон.

Согласно член 82 став (1), (2), (3), (4) и (5) од Законот за инспекциски надзор, (1) За извршениот инспекциски надзор, утврдената фактичка состојба, констатираните и утврдени неправилности и недостатоци, забелешки, изјави и други релевантни факти и околности, инспекторот составува писмен записник на местото на вршење на инспекцискиот надзор. (2) Записникот од ставот (1) на овој член го потпишуваат инспекторот и субјектот на инспекцискиот надзор на кој му се предава еден примерок. Ако субјектот на инспекцискиот надзор одбие да го потпише записникот, инспекторот ќе ги наведе причините за одбивањето. (3) По исклучок од ставот (1) на овој член, кога поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, не е можно да се состави записник на местото на вршење на надзорот, записникот се составува во службените простории на инспекциската служба во рок од три дена од денот на инспекцискиот надзор со образложение за причините за тоа. (4)Примерок од записникот од ставот (3) на овој член се доставува на потпишување до субјектот на инспекциски надзор. Доколку во рок од осум дена од денот на приемот, субјектот на инспекциски надзор не се произнесе во однос на доставениот записник или не го врати потпишан, се смета дека е согласен со неговата содржина. (5)Формата и содржината на записникот за извршен инспекциски надзор, на предлог на Советот, ги пропишува министерот за информатичко општество и администрација.

Согласно член 83 став (1) од Законот за инспекциски надзор, при вршење на инспекциски надзор, инспекторот со решение изрекува опомена и определува рок во кој

субјектот на инспекциски надзор е должен да ги отстрани неправилностите и недостатоците, утврдени со записник.

Согласно член 83 став (2) од Законот за инспекциски надзор, по исклучок од ставот (1) на овој член, во случај кога инспекторот ќе оцени дека утврдените неправилности и недостатоци можат да предизвикаат или предизвикуваат непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето или финансиска штета или штета по имотот од поголема вредност или загрозување на животната средина или загрозување на јавниот интерес, со решение изрекува друга инспекциска мерка, како задолжување, наредба, забрана и друга мерка, доколку е утврдена со посебен закон, со која најсоодветно ќе се постигне целта на инспекцискиот надзор.

Согласно член 83 став (3) од Законот за инспекциски надзор, доколку по истекот на рокот определен при изрекувањето на опомената од став (1) на овој член, инспекторот утврди дека неправилностите и недостатоците сè уште не се отстранети, со решение изрекува друга инспекциска мерка, како задолжување, наредба, забрана и друга мерка, доколку е утврдена со посебен закон, со која најсоодветно ќе се постигне целта на инспекцискиот надзор.

Согласно член 83 став (4) од Законот за инспекциски надзор, Решението од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, се донесува веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на изготвувањето на записникот од член 82 на овој закон.

Од увид во Записникот од извршен инспекциски надзор ИП1 Бр.11-02/2-21 од 03.03.2021 година и Контролниот записник од извршен инспекциски надзор ИП1 Бр.11-02/2-21 од 15.09.2021 година како и од увид во обжаленото решение ИП1 бр.11-02/21 од 15.09.2021 година Државната комисија утврди дека истите не се изготвени согласно Правилникот за формата и содржината на записникот за извршен инспекциски надзор и Правилникот за формата и содржината на решението по извршен инспекциски надзор ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 250/2019) кои во моментот на изготвување на записниците и обжаленото решение биле во примена и истите овластениот градежен инспектор бил должен да ги примени.

Исто така од увид во Записникот од извршен инспекциски надзор ИП1 бр.11-02/2-21 од 03.03.2021 година се утврди дека првостепениот орган го нема наведено субјект на надзор кај кој се врши инспекцискиот надзор, ниту има наведено за како надзор станува збор (редовен или вонреден).

Имајќи ги предвид цитираните законски одредби, Државната комисија утврди и тоа дека првостепениот орган сторил погрешна примена на материјалното право и повреда на постапката бидејќи во конкретниот случај по извршениот инспекциски надзор на ден 03.03.2021 година и изготвувањето на Записникот од извршен инспекциски надзор ИП1 бр.11-02/2-21 од 03.03.2021 година во кој утврдил неправилностите не носи инспекциски акт-решение со кое ќе го задолжи субјектот на надзор истите да ги отстрани, иако во предметниот записник има наведено дека за бесправно веќе изградените делови од објекти ќе донесе соодветно Решение за отстранување на истите, со што сторил повреда на одредбата од член 137 став (1) од Законот за градење и на одредбата од член 83 став (4) од Законот за инспекциски надзор. Воедно на ден 15.09.2021 година првостепениот орган излегува на контролен инспекциски надзор за што е изготвен Контролен записник од извршен инспекциски

надзор ИП1 бр.11-02/2-21 од 15.09.2021 година во кој е утврдено дека инвеститорот Хотел Радика Резорт ДОООЕЛ с.Леуново не постапил по предупредувањето дадено со Записник ИП1 бр.11-02/21 од 03.03. 2021 година и врз основа на Записникот од извршен инспекциски надзор ИП1 бр.11-02/2-21 од 03.03.2021 година и Контролниот записник од извшен инспекциски надзор ИП1 бр.11-02/2-21 од 15.09.2021 година го носи обжаленото решение ИП1 бр.11-02/21 од 15.09.2021 година со кое му се наредува на инвеститорот ДТТУ „РАДИКА РЕЗОРТ ДООЕЛ увоз-извоз с.Леуново да ги отстрани градбите и тоа: 9 (девет) типски објекти, со што сторил повреда на член 76 став (1) од Законот за инспекциски надзор, согласно кој при контролниот инспекциски надзор инспекторот треба да утврди дали субјектот на надзор постапил целосно, делумно или не постапил по инспекцискиот акт донесен по претходно спроведен редовен или вонреден инспекциски надзор, додека во конкретниот случај таков акт претходно не е донесен.

Од извршениот увид во Контролниот записник од извршен инспекциски надзор ИП1 бр.11-02/2-21 од 15.09.2021 година Државната комисија утврди и тоа дека овластениот градежен инспекторот сторил повреда на постапката од причина што предметниот записник не е потпишан од страна на субјектот на надзор, ниту кон списите на предметот е приложен доказ-доставница, повратница и друго службено потврдување дека на жалителот уредно му бил доставен записникот на потпишување со цел да се запознае со неговата содржина и да се произнесе во однос на истиот, со што е сторена повреда на член 82 од Законот за инспекциски надзор. Ова дотолку повеќе што од Контролниот записник од извршен инспекциски надзор ИП1 бр.11-02/2-21 од 15.09.2021 година и обжаленото решение е видно дека обжаленото решение е донесено на ист ден кога бил составен и предметниот записник односно на ден 15.09.2021 година.

Понатаму од увидот во Записникот од извршен инспекциски надзор ИП1 Бр.11-02/2-21 од 03.03.2021 година видно е дека првостепениот орган нецелосно ја утврдил фактичката состојба во однос на предметот на надзор бидејќи во предметниот записник навел дека е отпочната градба на 9 нови објекти без одобрение за градење и за сите објекти кои се предмет на надзор дава заеднички опис, без конкретно за секој објект да даде детален опис на градбата изразена во мерни единици во однос на ширината и должината на предметната градба, фазата во која е градбата, описни и просторни податоци за земјиштето на кое се гради објектот односно имотниот лист во кој е запишана катастарската парцела на која се наоѓа предметната градба и површината и правниот статус на земјиштето на кое се наоѓа градбата. Исто така од предметниот записник е видно дека првостепениот орган во однос на градбите кои се предмет на надзор нема утврдено за која категорија на градба се работи, ниту е наведено која одредбата од законот е повредена со дејствијата кои биле превземени од страна на субјектот на надзорот.

Согласно член 141 од Законот за градење, решението на градежниот инспектор особено мора да содржи: - број и датум на донесување, - ознака од дневникот на градежниот инспектор, - податоци за градителот, инвеститорот, изведувачот и имателот на градбата, - опис и категорија на градбата, односно делот од градбата кој не се гради согласно со одобрението за градење, проектот и решението за локациски услови, - број, датум и органот кој го издал одобрението за градење, доколку е такво издадено, - описни и просторни податоци за земјиштето на кое се гради (број на катастарска парцела,

катастарска општина, површина и правен статус), со наведување на правниот основ со кој се регулираат односите меѓу сопственикот на земјиштето, изведувачот и инвеститорот, - рок и упатување за отстранување на неправилностите, - приказ на запишаните права во Јавната книга до моментот на донесување на решението, -налог за запишување на заложно право во Јавната книга, - налог во врска со објавувањето на решението на огласна табла и дневни весници, - изрекување на забрана од членот 138 и/или од членот 139 на овој закон, - определување на висината на трошоците за отстранување на градбата, односно на деловите кои се градат без одобрение за градење и определување на висината на пенали за секој ден задоцнување, образложение и - правна поука и други податоци согласно со закон.

Согласно член 15 од Законот за инспекциска постапка, Во инспекциската постапка се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка доколку со овој или друг закон поинаку не е уредено.

Согласно член 88 став (3) од Законот за општата управна, диспозитивот мора да биде краток и определен, а кога е потребно може да се подели и на повеќе точки. .

Исто така од увидот во диспозитивот на обжаленото решение се утврди дека истиот не е определен бидејќи во диспозитивот на решението поединечно не е наведена секоја градба-објект кој треба да се отстрани, ниту поединечно за секоја градба-објект е даден детален опис на градбата изразена во мерни единици во однос на ширината, должината и длабочина на предметната градба, категорија на градбата, не се дадени описни и просторни податоци за земјиштето на кое се наоѓа предметната градба односно не е наведен имотниот лист во кој е запишана катастарската парцела на која се наоѓа предметната градба и не е навена површината и правниот статус на земјиштето на кое се наоѓа градбата.

Поради наведеното, Државната комисија одлучи обжаленото решение да го поништи и предметот да го врати на повторна постапка со цел овластениот градежен инспектор при Општина Маврово и Ростуше во повторната постапка имајќи ги предвид погоренаведените укажувања да излезе на повторен надзор и на записник изготвен согласно Правилникот за формата и содржината на записникот за извршен инспекциски надзор ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 250/2019) целосно да ја утврди фактичката состојба во однос на предметот на инспекцискиот надзор односно за секоја градба кој е предмет на инспекциски надзор да утврди детален опис на градбата, да утврди во која фаза се наоѓа градбата, категорија на градбата, описни и просторни податоци за земјиштето на кое се гради објектот односно имотниот лист во кој е запишана катастарската парцела на која се наоѓа предметната градба и површината и правниот статус на земјиштето на кое се наоѓа градбата и потоа врз основа на утврденото со правилна примена на материјалното право односно одредбите од Законот за градење и Законот за инспекциски надзор, имајќи ги предвид одредбите и од Правилник за формата и содржината на решението по извршен инспекциски надзор ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 250/2019) да одлучи правилно и законито.

Врз основа на наведеното, а во согласност со член 109 став (9) од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" број 124/2015) се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Ова решение е конечно во управната постапка и против него не е дозволена жалба. Против ова решение може да се поведе управен спор со тужба пред Управен суд Скопје, во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

Тужбата против ова решение не го одлага извршувањето на решението.

Решено во Скопје на ден **11.11.2021** година, под **ИП2 број 10-379**.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈА,**
**Елизабета Русеска**

**Изготвил:**В. Ш.
**Контролирал:**Љ. Ј.
**Одобрил:**М. П.

**Доставено до:**
-Архива и
-Овластен градежен инспектор при Општина Маврово и Ростуше.